# ВРЕДНУВАЊЕ НА УСПЕХОТ НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД РАЗВОЈНИОТ ПЛАН

## Вовед

Установата која врши дејност во рамките на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст согласно член 174 став 1 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија бр.23/13), треба да има Развоен план

Развојниот план на установата е стратешки план за развој кој ги содржи приоритетите за остварување на дејноста на установата која врши дејност во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, планот и носителите на активности.

Развојниот план го изработува органот на раководење за период од три до пет години, а го усвојува управниот одбор.

Индикаторите за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план ги пропишува министерот.

## Начин на вреднување

Вреднувањето на успехот на планираните активности од развојниот план на установата за деца е општ надзор над работата на истата и се врши согласно индикаторите и нивоата на оставарен успех на установата.

За извршеното вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план, надлежниот инспектор составува извештај кој содржи:

-анализа на состојбата на установата за деца,

- вреднување на успехот односно нивото на постигнат успех во секоја област од развојниот план и

-предлог, установата за деца да состави акционен план за унапредување на установата за наредните две години.

Извештајот се доставува до министерот за труд и социјална политика, до основачот на установата и до директорот на установата.

Вреднувањето на успехот на установата се врши во секоја клучна област.

Вреднувањето на успехот се искажува бројчено и описно и се објавува на интернет страната на Министерството за труд и социјална политика.

Вреднувањето на успехот на планираните активности од развојниот план на установата за деца се врши во текот на неговото остварување со посебен надзор, на крајот од периодот наведен во развојниот планот преку општ надзор.

Успехот на планираните активности од развојниот план на установата се вреднува по клучни области.

Клучните области се главни показатели за работата на установата. Секоја клучна област е поделена на подрачја на вреднување како потесни тематски целини. Подрачјата на вреднување опфаќаат индикатори кои поблиску ја дефинираат работата и активностите на установите за деца.

Вреднувањето на успехот се врши во рамките на четворостепена скала од највисокото ниво – 4 (четири) до најниското ниво еден (1).

Нивото 4 е најпосакуваната ситуација, во која преовладуваат силните страни со ситни недостатоци кои не влијаат на квалитетот на работата на установата за деца. Установата за деца која го постигнала ова ниво има обврска и понатаму да ја унапредува својата работа

Нивото 3 има поголем број на силни страни отколку слаби страни. Постоечките слабости го намалуваат вкупниот квалитет на работата на установата за деца и треба да бидат отстранети.

Ниво 2 –постојат определени силни страни, но преовладуваат слабите.
Слабите страни значително го намалуваат квалитетот на работата на установата за деца. Ваквата состојба бара преземање на одредени активности со цел отстранување на воочените слабости.

Ниво 1 –значи дека значително преовладуваат слабите страни кои го загрозуваат напредокот и развојот на децата и неопходни се итни активности и стручна помош за нивно отстранување.

## Рамка на вреднување

Рамката за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план на установата за деца содржи клучни области, подрачја на вреднување и ниво на остварен успех на установата за деца.

| РАМКА НА ВРЕДНУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| КЛУЧНИ ОБЛАСТИ | | Подрачја на вреднување | Индикатори |
| 1. | ПРОГРАМИ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ И ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА УСТАНОВАТА ЗА ДЕЦА | 1.1. Воспитни планови и програми | 1.1.1. Структура и содржина |
| | | 1.2. Годишен план за работа | 1.2.1. Структура и содржина |
| 2. | ВОСПИТУВАЊЕ | 2.1. Планирање и подготовка | 2.1.1. Планирање |
| | | | 2.1.2. Подготовка |
| | | 2.2. Воспитен процес | 2.2.1. Комуникација и соработка |
| | | | 2.2.2. Рационалност и организација |
| | | | 2.2.3. Потикнување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | децата |
| | | | 2.2.4. Корелација и примена на знаење |
| | | 2.3. Воспитување | 2.3.1. Одговорност на децата |
| | | | 2.3.2. Начин на воспитување |
| | | 2.4 Следење на напредокот на децата | 2.4.1. Следење на напредокот |
| | | | 2.4.2. Известување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА | 3.1. Згрижување на децата | 3.1.1. Безбедност и сигурност на децата во установата |
| | | | 3.1.2. Следење на физичката, здравствената, и емоционалната состојба на децата и нивните социјални потреби |
| | | 3.2. Поддршка за воспитување | 3.2.1. Квалитет на понудени програми за поддрешка на децата во процесот на воспитување |
| | | | 3.2.2. Напредување на децата |
| | | | 3.2.3. Стручна помош на воспитувачите при давање на поддршка на децата во воспитниот процес |
| | | 3.3.Личен и социјален развој на децата | 3.3.1. Поттикнување на позитивни ставови и развој на социјални вештини |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | ЕТОС | 4.1. Углед и промоција на установата за деца | 4.1.3. Култура на однесување |
| | | 4.2. Атмосфера и меѓучовечки односи | 4.2.1. Почитување на личноста |
| | | | 4.2.2. Еднаквост и правичност |
| | | | 4.2.3. Естетско и функционално уредување на просторот на установата |
| | | 4.3. Соработка со родителите, органите на управување и локалната заедница | 4.3.1. Комуникација со родителите |
| | | | 4.3.2. Вклучување на родителите во работата на установата |
| 6. | РЕСУРСИ | 6.1. Човечки ресурси | 6.1.1. Воспитувачи, Негователи, стручни работници и соработници |
| | | | 6.1.2. Други работници |
| | | 6.2. Материјално – технички ресурси | 6.2.1. Простор и опрема на установите |
| | | | 6.2.2. Воспитни средства |
| | | | 6.2.3. Користење на расположливите материјални и технички средства |
| | | 6.3. Финансиски ресурси | 6.3.1. Структура и намена на финансиските средства |
| | | | 6.3.2. Користење на расположливите финансиски ресурси |
| | | 6.4. Средства од локалната заедница | 6.4.1. Користење на расположливите средства од локалната заедница |
| 7. | УПРАВУВАЊЕ, | 7.1. Раководење | 7.1.1. Професионална |

| | | |
|---|---|---|
| РАКОВОДЕЊЕ,ОРГАНИЗАЦИЈА И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСПЕХОТ НА УСТАНОВАТА | | способност на директорот |
| | | 7.1.2. Способност за раководење |
| | 7.2. Организација на работата на установата | 7.2.1. Поделба на обврските и должностите на вработените во установата |
| | | 7.2.2. Организација и координација на работата во установата |
| | 7.3. Развоен план на установата | 7.3.1. Структура и содржина на развојниот план на установата |
| | | 7.3.2. Остварување на развојниот план |
| | | 7.3.3. Ефекти од остварувањето на развојниот план |
| | 7.4. Обезбедување на квалитетот на установата | 7.4.1. Самовреднување на работата на установата |
| | | 7.4.2. Ефикасност и ефективност на установата |

Клучните области, подрачјата на вреднување, индикаторите и нивото на остварениот успех се дефинираат и вреднуваат на следниот начин:

## 1. ПРОГРАМИ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ И ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА УСТАНОВАТА ЗА ДЕЦА

### 1.1. Воспитни планови и програми

#### 1.1.1. Структура и содржина

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку воспитните планови и програми се донесени во согласност со Законот за заштита на децата и Програмата за рано учење и развој и ги опфаќаат сите пропишани содржини. Сите елементи се прецизирани според значењето, извршителите, времето и методите.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку воспитните планови и програми се донесени во согласност со Законот за заштита на децата и

Програмата за рано учење и развој но некои од нив целосно прецизирани на пропишаниот начин, односно со воспитните планови и програми не се земаат целосно во предвид потребите на децата, родителите и локалната заедница.

1.2. Годишен план за работа

1.2.1. Структура и содржина

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку годишниот план за работа е донесен во согласност со Програмата за рано учење и развој и Развојниот план на установата со кој на прецизен и спроведлив начин се утврдени времето, местото, начинот и извршителите на планот.

Со опис на нивоата на оставарен успех–ниво 2 се оценува доколку годишниот план за работа е донесена во согласност со Програмата за рано учење и развој но не е усогласена со Развојниот план на установата. Времето, местото, начинот и извршителите на плановите не се доволно прецизирани.

2. ВОСПИТУВАЊЕ

2.1. Планирање и подготовка

2.1.1. Планирање

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку секој воспитувач, стручен работник и соработник има годишен и месечен план за работа, составен согласно со Законот за заштита на децата и Програмата за рано учење и развој.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку секој воспитувач, стручен работник и соработник има годишен и месечен план за работа но истиот не е доволно прецизен и неги опфаќа сите активности кои се предвидени со годишниот план на установата.

2.1.2. Подготовка

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку воспитувачот, стручниот работник и соработник изготвува дневни подготовки за активностите поврзани со згрижувањето и воспитанието на децата водејќи сметка за изборот на методите, обликот, средствата и содржината на истите. За дневната подготовка воспитувачот, стручниот работник и соработник користи методска, педагошка, психолошка и стручна литература, интернет и други извори.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку воспитувачот, стручниот работник и соработник не изготвува дневни подготовки редовно или истите се непотполни

2.2. Воспитен процес

2.2.1. Комуникација и соработка

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку информациите, напатствијата, и прашањата во воспитниот процес се добро осмислени, прецизно формулирани и недвосмислени кои допринесуваат за охрабрување на слободното изразување на мислењето на децата. Дијалогот помеѓу децата, и помеѓу децата и воспитувачот, стручниот работник и соработник се одвива со меѓусебно почитување и доверба.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку информациите, напатствијата, и прашањата во воспитниот процес не се доволно прецизни. Дијалогот помеѓу децата, и помеѓу децата и воспитувачот, стручниот работник и соработник е стереотипен и формален без давање на можност за изразување на мислењето на децата.

2.2.2. Рационалност и организација

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку при организирањето на активностите воспитувачите се раководат според планираните цели и задачи, и рационално се користи времето, просторот, наставно воспитните средства и другите ресурси.

Со опис на нивоата на оставарен успех–ниво 2 се оценува доколку при организирањето на активностите воспитувачите се раководат според планираните цели и задачи но во истите настапуваат без правилно избрани методи и облици за работа. Просторот е уреден на конвенционален начин и се користи скромен дидактички материјал.

2.2.3. Поттикнување на децата

Со опис на нивоата на оставарен успех–ниво 4 се оценува доколку воспитувачите ги подржуваат и ги поттикнуваат интересите на децата и развојот на нови интереси, преку користење на најразлични методи преку кој се подигнува радозналоста, вниманието, развојот на критичкото мислење.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку воспитувачите не посветуваат доволно внимание на индивидуалните карактерни особини на децата и не придаваат значење на потребата за поттикнување на децата.

2.2.4. Корелација и примена на знаење

Со опис на нивоата на оставарен успех–ниво 4 се оценува доколку воспитувачите ги охрабруваат децата своите знаење и искуства од различни области да ги поврзат со новите знаење кои тие им ги пренесуваат во логична целина, со цел истите да ги применат во секојдневниот живот.

Со опис на нивоата на оставарен успех–ниво 2 се оценува доколку воспитувачите при пренесувањето на новите информации на децата не го користат доволно постојното искуство и знаење на децата.

2.3. Воспитување

2.3.1. Одговорност на децата

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку поголемиот број од децата има развиен одговорен однос спрема воспитанието и покажуват висок степен на самостојност во вршењето на задачите, и притоа се свесни за потпирањето врз сопствените можности при што максимално ги употребуваат претхгодно стекнатите знаења и искуства. Децата имаат развиена лична одговорност за постигнатите резултати како и спремност за поделување на одговорноста со групата.

Со опис на нивоата на оставарен успех–ниво 2 се оценува доколку децата немаат доволно развиен одговорен однос спрема воспитувачот. Во процесот на воспитување на децата им е потребно постојано поттикнување од страна на воспитувачот

2.3.2. Начин на воспитување

Со опис на нивоата на оставарен успех–ниво 4 се оценува доколкусе применуваат различни облици на воспитување и континуирано се работи на развивање на детските способности по пат на откривање и решавање на проблеми.

Со опис на нивоата на оставарен успех–ниво 2 се оценува доколку кај децата не се се работи на развивање на детските способности преку различни техники на воспитание и не се применуваат методи на откривање и решавање на проблеми.

2.4. Следење на напредокот на децата

2.4.1. Следење

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку следењето на достигнувањето на децата се врши редовно и континуирано како резултат на системско следење на работата, напредување и развој на детето.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку кај децата следењето на достигнувањето на децата е нередовно.

2.4.2. Известување.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку во установата се почитува договорениот начин на информирање на родителите за достигнувањата на децата, и информирањето е редовно, јасно, лесно разбирливо и содржи напатствија за понатамошно напредување на детето.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку установата и покрај тоа што има договорениот начин на информирање на родителите за достигнувањата на децата сепак тоа не се почитува во целост и напатствијата за понатамошно напредување на детето ги добиваат по сопствена иницијатива, односно површно што доведува до повремени недоразбирања со истите.

## 3. ПОДРШКА НА ДЕЦАТА

### 3.1. Згрижување на децата

3.1.1. Безбедност и сигурност на децата во установата

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку воспитувачот совесно и одговорно ги исполнува обврските и должностите кои се опфатени со Протоколите за безбедност и сигурност на децата во установата, и доколку децата се чувствуваат безбедно во установата

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку протоколите за безбедност на децата се недоволно јасни и конфузни, кои предизвикуваат забуна кај персоналот кој треба да ги имплементира во случај на потреба .

3.1.2. Следење на физичката, здравствената и емоционалната состојба на децата и нивните социјални потреби

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку во установата постојат утврдени постапки за идентификување на емоционалната, физичката и социјалната состојба на децата како и благовремено и адекватно реагирање на истите. Во установата се донесени протоколи за здравствена заштита кои веднаш се применуваат во случај на потреба.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку добиените релевантни податоци не се користат за континуирано навремено и организирано делување со цел подобрување на физичката, здравствената и емоционалната состојба на децата и за задоволување на нивните социјални потреби.

3.2. Поддршка за воспитување

3.2.1. Квалитет на понудени програми за поддршка на децата

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку установата остварува и разработува програми за поддршка на процесот на воспитание (воведување на техники за воспитување, помош и преминување преку неуспехот, развивање на мотивацијата кај децата).

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку не постојат посебни програми за поддршка на процесот на воспитание.

3.2.2. Напредување на децата

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку установата напредувањето на детето го следи системски и врз основа на тоа ги утврдува посебните потреби на децата. Секое напредување на децата се пофалува и наградува.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку напредувањето на децата се следи без утврдување на посебните потреби на детето. Напредувањето на децата се пофалува само спорадично .

3.2.3. Стручна помош на воспитувачите при давање на поддршка на децата во воспитниот процес

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку стручните работници и соработници во установата го следат напредокот и постигнувањето на децата  и им ја даваат потребната помош на воспитувачите при составувањето на дневните подготовки.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку стручните работници и соработници во установата не го следат напредокот и постигнувањето на децата и не им ја даваат потребната помош на воспитувачите при составувањето на дневните подготовки.

3.3. Личен и социјален развој на децата

3.3.1.Поттикнување на позитивни ставови и развој на социјални вештини

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку во установата се негува и поттикнува позитивна социјална клима; толеранција, взаемно почитување, поддршка, соработка,  развој на комуникациски вештини како и грижа за другите.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку дисциплината и однесувањето на децата се задоволителни, но повремено има неприфатливо однесување, агресивност, нетолеранција.

## 4. ЕТОС

### 4.1. Углед и промоција на установата

#### 4.1.1. Култура на однесување

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку во установата за деца постои куќен ред и правила за однесување на децата, вработените и родителите. Сите учесници во воспитниот процес ги почитуваат воспоставените правила и се однесуваат со почит, човечност и култура еден спрема друг.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку во установата постои куќен ред и правила за однесување на децата, вработените и родителите но не се воопшто прифатени.

### 4.2. Атмосфера и меѓучовечки односи

#### 4.2.1. Почитување на личноста

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку во установата се почитува слободата на изразување, и се развива критичко мислење.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку во установата постои ограничена слобода на изразување, размислување и прифаќање на мислења.

#### 4.2.2. Еднаквост и правичност

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку во установата обезбедува рамноправни услови на сите вработени во установата како и на сите деца. Вработените во установата се однесуваат со децата, родителите и колегите рамноправно и без предрасуди по однос на нивниот социјален статус, верска и, национална припадност, пол и др.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку во установата декларативно ја промовира еднаквоста и правичноста но во праксата покажува присуство на субјективност по однос на определени деца Вработените во установата не се однесуваат со децата, родителите и колегите рамноправно и без предрасуди по однос на нивниот социјален статус, верска и, национална припадност, пол и др. .

#### 4.2.3. Естетско и функционално уредување на просторот на установата

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку во просторот и објектот на установата за деца се опремени и се во функција на воспитната активност и процес. Во установата се негува одговорен однос на вработените и децата спрема чувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на установата.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку објектот и просторот на установата се естетски уредени но не во доволна мера за воспитно поттикнување на децата. Не се гледа придонесот на децата во чувањето и одржувањето на просторот.

4.3. Соработка со родителите , органите на управување и локалната заедница

4.3.1. Комуникација со родителите

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку се благовремено, потполно и систематично информирани за сите сегменти на работењето со нивните деца во установите.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку родителите се информираат за работата со детето најчесто по потреба, но ваквото информирање не ги задоволува потребите на родителите.

4.3.2. Вклучување на родителите во работата на установата

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 4 се оценува доколку установата ги поттикнува и охрабрува родителите да учествуваат во работата на установата, ги прифаќа нивните идеи, и постојано се труди да пронајде нови начини за соработка со што активно ги вклучува во воспитниот процес.

Со опис на нивоата на остварен успех–ниво 2 се оценува доколку во установата родителите повремено се вклучуваат во работата на установата а нивните иницијативи селективно се разгледуваат и не се активно вклучени во подобрување на воспитниот процес.

5.Ресурси

5.1.Човечки ресурси

5.1.1. Воспитувачи и стручни соработници

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку воспитувачите и стручните соработници имаат соодветно ниво и вид на образование пропишано со Законот за заштита на децата. Установата го има потребниот број на вработени. Должината на нивниот стаж во установата обезбедува квалитет, размена

на искуства на воспитувачите и стручните соработници. Воспитувачите и стручните соработници се вклучени во различни форми на професионален развој кои може да се врши во согласност со предучилишните, програми и професионалниот развоен план. Установите се вклучени во реализација на проекти од различни институции вклучени во подобрување на квалитетот на воспитните активности (Министерство за труд и социјална политика, универзитети, институти, меѓународни и локални организации). Воспитувачите и стручните соработници учествуваат во професионални здруженија.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку во установата бројот на воспитувачи и стручните соработници и нивното ниво и вид на образование одговараат на барањата на воспитниот процес, но чести се промените и нивното отсуство. Планот за професионален развој на воспитувачите и стручните соработници се реализира делумно.

5.1.2.Други работници

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку бројот и структурата на другите работници во установата за деца се во согласност со Законот за заштита на децата и Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејност на установите за деца. Другите работници придонесуваат за ефикасно функционирање на установите. Планот за професионален развој ги вклучува и другите вработени.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку во установата бројот на другите работници не е целосно во согласност со Законот за заштита на децата и Правилникот за стандарди и нормативи за вршење на дејност на установите за деца. Професионалниот развоен план не ги покрива сите вработени кои се водат како други работници.

5.2 Материјално технички ресурси

5.2.1. Простор и опрема на установите

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку физичките услови (занимални, простор за работа, помошни простории, двор, и др), опрема и мебел, се согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејност на установите за деца и правилно се одржуваат. Зградите и опремата придонесуваат за создавање на безбедни, пријатни услови и стимулирање на животната средина.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку во установата физичките услови не одговараат во потполност на нормите и барањата на установата. Опремата и мебелот ја исполнува својата функција, но тие се стари и не се одржуваат редовно и целосно.

5.2.2. Воспитни средства

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку установата ги има потребните современи дидактички и воспитни ресурси (книги, конференциски материјали, аудиовизуелни материјали, компјутери, копирање машини) кои се зачувани во функција на различни методи и форми на работа со деца.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку во установата има алатки за учење, но нивниот број, тип и намена не се усогласени со потребите на воспитните активности.

5.2.3.Користење на расположливите материјални и технички средства

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку во установата сите материјални и технички ресурси се на располагање на воспитувачите и стручните работници, соработници, и децата и се во функција на воспитните активности. Постои план за користење на материјално - технички средства. Децата, воспитувачите, стручните работници и стручните соработници функционално ги користат, го евидентираат времето и начинот на користење. Децата се насочуваат и поттикнуваат самостојно да користат одредени средства.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку воспитните средства постојат, но не се целосно искористени во процесот на воспитание. Постојните воспитни материјали и други материјални и технички ресурси кои се на располагање на воспитувачите и децата се наоѓаат во несоодветно место.

5.3. Финансиски ресурси

5.3.1. Структура и намена на расположливи финансиски средства

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку установата има различни извори на финансирање (буџет, донации, помош на локалните заедници, проект учество, независни извори на приход). Установата учествува во конкурси за доделување средства врз основа на добро дефинирани проекти. Финансиското планирање и распределба на ресурси е во согласност со приоритетите на установата.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку установата има само буџетски средства. Постои финансиски план, но намената на средствата не е во согласност со реалните потреби.

5.3.2. Користење на расположливите финансиски ресурси

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку средствата се планирани и распределени според приоритетите, во согласност со предучилишните, програми, планот за развој на установата, годишен извештај за работа и финансиски план. Со алокација на ресурсите се запознаени сите заинтересирани.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку средствата на установата се планирани според приоритетите, а неговата употреба не е секогаш усогласена со приоритетите. Распределбата на ресурси не е доволно усогласена со реалните потреби.

5.4. Средства од локалната заедница

5.4.1. Користење на расположливите средства од локалната заедница

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку установата во соработка со локалната заедница ги утврдува сите свои расположливи ресурси. Се остваруваат проекти и иницијативи кои придонесуваат за развој на установата и локалната заедница

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку расположливите ресурси на локалната заедница се идентификувани, но се недоволно искористени.

6. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСПЕХОТ НА УСТАНОВАТА

6.1.Раководење

6.1.1. Професионална способност на директорот

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку директорот на установата поседува професионални знаења, вештини, организациони и лидерски способности. Редовно се усовршува во областа на организација и лидерство, за кое постои план, изјава на достигнувања и друга документација. Со својата работа и однесување претставува пример за сите во установата и за нејзиниот углед.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку професионалното знаење, вештините и способностите не се доволни директорот да управува со оваа институција, и да управува со процесот на воспитание, промени во процесот, како и управување со човечките ресурси. Се развива периодично и систематски. Не е доволно заинтересиран за угледот на институцијата.

6.1.2.Способност за раководење

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку директорот развива доверба, мотивира и организира тимска работа. Тој е подготвен да ја преземе одговорноста кога мора да донесе одлука. Им овозможува и поддржува континуиран професионален развој на воспитувачите, стручните работници и соработници. Развива одговорност и самокритика и бара исполнување на обврските. Почитува различни мислења и обезбедува комуникација врз основа на взаемна соработка и почитување. Решава конфликтни ситуации. Ја развива соработката со Советот на родители, други организации и локалната заедница. обезбедува услови за учество на учениците во одлучувањето за организацијата и работата на установата. обезбедува редовна и навремена промоција на установата.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку директорот не развива доверба до потребниот степен. Само привремено организира тимска работа со веќе истите ангажирани групи. При донесување на своите самостојни одлуки не е секогаш во можност да ја превеземе одговорноста за истите. Соработува со Советот на родители, други организации и локални заедници, но истата таа соработката не се развива до потребниот степен. Повремено обезбедува промоција на установата.

6.2. Организација на работата на установата

6.2.1. Поделба на обврските и должностите на вработените во установата

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку обврските и должностите на вработените се даваат во согласност со Законот за заштита на децата , Законот за работните односи , Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници и колективни договори врз основа на знаење, вештини и способности. Поделбата на обврските и должностите е јасна, прецизна и допринесува до ефикасност и ефективност во работата на установата.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку обврските и должностите на вработените не се даваат на основа на знаење, вештини и способности. Истите се даваат по субјективна оценка од страна на директорот, со што се намалува ефикасноста и ефективноста на установата.

6.2.2.Организација и координација на работата во установата

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку со соодветна поделба на задачите опфатени се сите аспекти на животот и работата на оваа институција. Во установата постои добра координација на професионални тела. Сите установи се запознаени со планот да ги користат ресурсите кои им се на располагање, со цел подобрување на ефикасноста на работата. Должностите и

одговорностите на другите работници се добро организирани и координирани со што се постигнува квалитет, во согласност со утврдените рокови.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку со распределбата на задачите и должностите сите вработени не се опфатени рамноправно и тоа не е доволно усогласено со нивните способности. Работата на стручните тела е конзистентна. Поголемиот дел на воспитувачите иако го познаваат планот за користење на ресурсите на установата, сепак тие не се придржуваат постојано. Должностите и обврските на другите работници не се добро организирани или координирани со целокупната организација на установата и не се вршат согласно на распоредот и роковите.

6.3. Развоен План на установата

6.3.1.Структура и содржината на развојниот план на установата

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку развојниот план на установата ги содржи сите потребни елементи: податоци од анализата на ситуацијата, мисијата и визијата, целите, задачите, активностите и начинот на евалуација. Воедно развојниот план е донесен за период од три до пет години. Во развојниот план се идентификуваат специфичностите на установата и вредностите кои се негуваат. Во истиот се препознава јасна визија за развој. Избран е реален преглед на моменталната ситуација и она што оваа установа го има направено досега во избраните области. Приоритетните области за успех на установата кои се разработени во планот произлегуваат од само - евалуација на состојбите во оваа установа. Развојните цели се ревидирани, така што јасно се гледа промената која треба да се постигне, како таа ќе се постигне, и кој ќе имаат корист од овие промени. Планот на активности за тековната година е разработен така што тоа се јасно одредени чекорите, носителите и времето на спроведување. Постои план за евалуација, во кој се дефинирани соодветни (мерливи и релевантни) показатели на промените, начинот, времето и лицето одговорно за следење на индикаторите. Развојниот план е создаден преку процес во кој претставниците на сите заинтересирани групи и поголемиот дел од вработените, и е усвоен од страна на стручните органи и Директорот, зашто постои уредна документација. Во планот за реализација на развојниот план се вклучени 50% од вработените во установата.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку развојниот план на установата содржи поголем дел од неопходните елементи, но мисијата и визијата не се посебно издвоени. При донесување на овој план вклучени се само поединечни заинтересирани групи и дел од вработените. Со самиот план за развој е запознаен само дел од вработените. Носителите на активности се дел од иста помала група на вработени во установата.

6.3.2.Оставрување на развојниот план

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку реализацијата се одвива според планот и актуелната ситуација. Постои флексибилност во примената на планираното во согласност со моменталните потреби, промени и ситуации. Отстапувањата од планот кој е во реализација се образложени и документирани во анексите на развојниот план. Во реализацијата на целите се вклучени голем број на луѓе од различни заинтересирани групи, и најмалку 50% од вработените во установата. Се работи тимски. Следењето на реализацијата и информирањето на сите заинтересирани групи за реализацијата е редовно и континуирано, со повратни информации. Податоците за реализацијата редовно се собираат и документираат. Планираните резултати се постигнати.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку начинот и темпото на реализацијата не се одвива во согласност со планот и актуелната ситуација. Планираните активности се менуваат нетранспарентно, без дополнителни планирања и документирања. Планот строго се спроведува без да се земат предвид тековните потреби и моменталната ситуација. При самата реализација се ангажираат мал број на вработени. Информациите не се редовни. Собирањето на податоци е нецелосно и несистематски. Планираните резултати се постигнати делумно.

6.3.3.Ефекти од оставрувањето на развојниот план

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку постигнатите ефекти се во голема мера усогласени со очекувањата. Се воочуваат и други позитивни ефекти кои не се очекувани кои значително придонесуваат за развој на квалитетот на установата. Постојат видливи промени во квалитетот на работа на установата. Остварените промени иницираат нови цели и активности. Процесот на развој продолжува и проширува и се зголемува бројот на воспитувачи и претставници на други заинтересирани групи кои се мотивирани за понатамошно развивање на установата. Подобрен е квалитетот на тимската работа и е иницирано формирање на други нови тимови и проекти.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку ефектите од реализацијата се помалку усогласени со очекувањата. Ефектите се гледаат главно во индикаторите на материјалната природа (купување на опрема, уреди, адаптиран простор), а помалку во подобрување на квалитетот на установата како целина.

6.4. Обезбедување на квалитетот на установата

6.4.1. Самоевреднување на установата

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку на установата се врши самовреднување врз основа на утврдени критериуми, плански и редовно. Врз основа на самовреднувањето, редовно се оценува квалитетот на установата и истото се документира. Добиените резултати од самовреднувањето се анализираат и врз основа на утврдените приоритети се изработува акционен развоен план кој ги содржи сите потребни елементи и е насочен кон отстранување на постојните слабости. Се превземаат конкретни активности со цел подобрување на работата на установата.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку во процесот на самовреднување учествуваат само дел од вработените. Постои план за самовреднување, но истиот се спроведува несистематски. Квалитетот на работата на установата се оценува повремено, што се документира. Добиените резултати се анализираат, но истите не се доволно искористени за подобрување на квалитетот на работата во установите. Се изработува акционен развоен план, но не ги содржи сите потребни елементи. Конкретните активности за подобрување на установата не се превземаат плански.

6.4.2.Ефикасност и ефективност на установата

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 4 се оценува доколку установата ја поттикнува ефикасноста и ефективноста на секој вработен со поставување прецизни рокови и анализа на постигнатите резултати. Ефикасноста и ефективноста на работата, без разлика дали е индивидуална или групна, редовно се следи и оценува. Установата има пропишани критериуми за доделување на награди на вработените за остварените резултатите кои доследно ги применува.

Со опис на нивоата на остварен успех – ниво 2 се оценува доколку во установата се инсистира на почитување на роковите, но не и на систематско следење и анализа на резултатите, така што ефикасноста и ефективноста на работата,без разлика дали е индивидуална или групна, не е на задоволително ниво. Критериумите за доделување на награда на вработените постојат само формално и селективно се применуваат.